# ОПШТИНА ШТИП

***- Одделение за услуги и информирање на граѓаните -***

*Република Северна*
*Македонија*
*Општина Штип*
*Број12-4390/2*
*Од 26 .06.2026г.*
*Ш т и п*

Врз основа на чл.20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РС Македонија бр. 13/06, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18 и 101/19)) Општина Штип донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за целосно прифаќање на
Барањето со број 12-4390/1 поднесено од [redacted] за пристап до информации од јавен карактер.

1. Дали постои потпишан договор за соработка помеѓу Општина Штип, ЈП Стипион и Министерството за внатрешни работи, кој овозможува размена на лични податоци на казнетите лица (регистрација на возило) поради изрекување на казна за наплата за неплатен паркинг?

2. Доколку таков договор постои , Ве молам да ми доставите копија или основни податоци за истиот (датум на скличување, предмет на договор и сл.,) во законски определениот рок.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-4390/1 со кое се бара да и се достават следниве информации:

1. Дали постои потпишан договор за соработка помеѓу Општина Штип, ЈП Стипион и Министерството за внатреѓни работи, кој овозможува размена на лични податоци на казнетите лица (регистрација на возило) поради изрекување на казна за наплата за неплатен паркинг?

2. Доколку таков договор постои , Ве молам да ми доставите копија или основни податоци за истиот (датум на скличување, предмет на договор и сл.,) во законски определениот рок.

*Ул.,, "Васил Глаинов" бр. 4Б*
*тел. (032) 22 66 43; фах: (032) 22 66 01; www.stip.gov.mk*

Општина Штип како имател на информациите Ве информира дека не постои Договор за соработка туку согласно член 6 став 1 од Правилникот уредено е деа врз основа на издадените доплатни билети за ои има евиденција дека не е извршена уплата, на неделно ниво ЈП ,,Стипион 2011,, ќе ги побара потребните податоци од Министерството за внатрешни работи,по регистерски број на возилото, заради наамошнопостапување за наплата на дополнителните билети.

ПРАВНА ПУКА: Против ова Решение може да се поднесе Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Со почит,

**ОПШТИНА ШТИП**
**Лице за посредување со информации**
**согласно ЗСПИЈК**
**Сунчица Ѓуфтеска**